Врз основа на член 52 став 1 од Закон за административни службеници Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 142/16 и 11/18 и Службен весник на РСМ бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22 ), а согласно член 31 од Статутот на ЈП Градски паркинг - Скопје, ВД Директорот во рамките на своите права и овластувања на ден 11.08.2022 година, ја донесе следната:

Бр.Nr. 04-552/11
11.08.2022 год.-viti
СКОПЈЕ-SHKUP

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по интерен оглас број 01/2022 за унапредување на административен службеник во ЈП Градски паркинг – Скопје**

член 1

1. Кандидатот **Михајло Коштримовски** по пат на Интерен оглас број 01/2022, се избира за работно место со шифра **КДР 01 02 Б01 023 Советник на Директор за финансиско работење**, 1 (еден) извршител.

2. Изборот е извршен врз основа на Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог – одлука за избор на прворангираниот кандидат по Интерен оглас 01/2022 со арх.бр.04-552/10 од 09.08.2022 година.
3. Именуваниот ќе биде унапреден на работно место од став 1 по конечноста на оваа Одлука.
4. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 01.08.2022 година на веб стараницата на Претпријатието и на веб страницата на Агенција за администрација објавен е Интерен оглас број 01/2022 со арх.бр.04-552/2, за унапредување на административен службеник на работно место со шифра КДР 01 02 Б01 023 Советник на Директор за финансиско работење.
Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана со Решение со арх.бр.04-552/7 од 08.08.2022, по спроведената административна селкција и спроведеното интервју со кандидатите, комисијата состави Записник од админситративна селекција за интерен оглас со број 01/2022 за унапредување на административен служвбеник со арх.бр 04-552/8 од 09.08.2022 година и Записник од спроведување на интервју за унапредување на администратиевн службеник на работно место од категорија Б со арх.бр.04-552/9 од 09.08.2022 година, изготвија финална ранг листа за интервјуирани кандидати и достави на ВД Директорот на ЈП Градски паркинг-Скопје Предлог-Одлука за избор на прво рангираниот кандидатот за работно место под ред.бр 1 **Михајло Коштримовски.**
Врз основа на ранг листа и Предлог-Одлука за избор на прворангираниот кандидат, ВД Директорот на ЈП Градски паркинг-Скопје донесе Одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука..

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова Одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на Одлуката на веб страницата.

Доставена До:
- именуваниот
- Одделение за човечки ресурси
- Архива

ВД Директор на
ЈП Градски паркинг-Скопје
М-р Бојан Христовски